**Terastik hydro**

**ЕДНОКОМПОНЕНТНА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**

**Производ**: Еднокомпонентна хидроизолација за заштита на површина – заштита од продор на вода.

**Состав**: Цемент , $CaCO_3$и специјални додатоци.

**Употреба:** Се користи за хидроизолација на базени, подруми, ѕидови и подови, тоалети, кујни итн.

**Карактеристики**: Одлично се врзува со подлогата. Лесна е за подготовка и нанесување.

**Предупредување**: Треба да се избегнува контакт со кожата, се препорачува употреба на ракавици .Во случај на контакт да се исплакни со вода. Во случај на иритација да се побара лекарски совет.

**Пакување:** Пакување во пластични канти од 15 кг. Да се чува на суво место на температура од 5°C до 35 °C .

**Рок на употреба:** 12 месеци од датум на производство.

**Облик на испорака**:Пластични канти од 15 кг.

**Подлога:**Подлогата мора да биде чиста, без прашина или мастниматерии. Може да се нанесува на сува или влажна подлога. Се препорачува премачкување на работната површина со Ecoter врска,пред нанесување на хидроизолацијата. Кај фугираните површини, потребно е фугите помеѓу ѕидаријата или поплочувањето да бидат добро изработени, да немаат пукнатини и да го исполнуваат целосно меѓупросторот помеѓу елементите. Кај подлогите од керамички плочки, задолжително треба да се отстрани глазурата на плочките со брусење на површината. При изведба на хидроизолацијата се препорачува кај конструктивните споеви (хоризонтала и вертикала, под и ѕид) да се изведе заоблен премин (холкер) од Репаратур малтер, епоксиден кит или споевите да се бандажирааат со бутилна трака, со цел да се премости спојот во случај на конструктивни поместувања. Споевите (прекините) при бетонирање, продорите од инсталациите, продорите од дистанцерите на оплатата и слично, потребно е да се обработат соодветно со Репаратур малтер , бутилна трака или со еластичен акрилатен кит, во зависност од деталот или условите на објектот. При изведба на санации, потребно е да се отстранат сите нестабилни делови и подлогата да се исчисти од сите нечистотии и прашина.

**Подготовка:** Смесата се подготвува со додавање на 20 – 30 % вода на сувата компонента, во зависност од тоа со што ќе се нанесува врз работната површина. Материјалот се нанесува со четка или ваљак во два слоја , во спротивни насоки. Нанесувањето на следниот слој е на потполно сув претходен слој, нормално, под 90˚ во однос на претходниот. Временскиот период помеѓу слоевите е од 6-24 часа во зависност од температурата. Доколку настане механичко оштетување на изведената површина, возможна е едноставна корекција со отстранување на оштетените делови и повторно премачкување на површината. Третираните површини треба да бидат заштитени од дожд, провев и замрзнување во период од минимум 48 часа.

SILOTER
FORMULA ZA USPEH

**Технички податоци:**

-Потрошувачка – 1.250 кг/м$^2$, во еден слој.Производот се нанесува во два слоја.

-Производот е усогласен според МКС EN 1504-2:2006.